КИНОТЕКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KINOTEKA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
CINEMATHEQUE OF REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

www.kinoteka.mk

MEMBER OF FIAF

Ул. Никола Русински бр.1 п.фах 16, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел: +389 2/ 3071-814, 3071-815, факс: + 389 2/ 3071-813

Rr. Nikolla Rusinski nr. 1 p.faks 16, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Tel: +389 2/ 3071-814, 3071-815, faks: +389 2/ 3071-813

Nikola Rusinski 1 P.O.box 16, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
tel: +389 2/ 3071-814, 3071-815, fax: + 389 2/ 3071-813

Бр.01 – 121/1
28.02.2022г

# ИЗВЕШТАЈ

## за работата на Кинотека на Република Северна Македонија во 2021 година

Во Кинотеката има систем за ладење со кој се одржува константна температура и влага во 8 разладни депоа (фрижидери), 5 за филмска лента (со температура 4-6$^{o}$Ц и влага 40-50%) и 3 депоа за пишувана документација, музејски експонати и електронски/дигитални формати (со температура 18-20$^{o}$Ц и влага 40-60%). Во депоата, особено за филмска лента, е неопходна константна температура и влажност, заради оптимално чување на материјалите во нив. Во месец јуни, се случи голема хаварија при што во коморите 3 и 4 истекуваше фреон, гасот за ладење. Поради дефектот тие комори мораше да бидат комплетно исклучени, а останатите комори продолжија да работат непречено. Беше неопходно итно сервисирање и ставање во функција, за што беше распишан и тендер. Системот беше поправен и пуштен во нормална работа.

Наративниот извештај, како и секоја година, е составен по стандардите и препораките на ФИАФ, меѓународната федерација на филмски архиви, чиј член е Кинотеката на Македонија.

### 1. Прибирање на филмови и филмско-архивски документи

**Прибирање на филмови**: Примени се дигитално реставрираните материјали од играните филмови „Фросина“ и Мирно лето“. Потоа беа примени изворните и други материјали од снимањето на филмовите „Година на мајмунот“ и „Пијавици“.

Беа прибрани повеќе филмови на разни носачи на слика и тон, финансиски поддржани од Агенцијата за филм. Во дигитална форма беа предадени следните наслови: **играните**

**филмови**: „Моето езеро“, во режија на Ѓерѓ Цувани (Хард диск со ДЦП, англиска верзија, H264 1080p фајл од англиска верзија на филмот, преводи и трејлер за филмот), „Исчезнатиот“ во режија на Арбен Тачи (4 внатрешни хард дискови со материјали од филмот, со посебен записник), „Збор“ на Слободан Деспотовски (Хард диск со ДЦП, македонска верзија , 3 ЛТО ленти со работни материјали), копродукциите „Сирена во Париз“ на Матијас Малзју (Хард диск со ДЦП, англиска верзија и македонски превод), „Полусестра“ на Дамјан Козоле (Хард диск со ДЦП, со англиски превод, трејлери и тизери за филмот, ProRes422 HQ верзија од филмот 1920x1080p, чиста и англиска верзија, компресиран H264 фајл од филмот 1920x1080p од чиста и англиска верзија, фолдер со фотографии од филмот), македонска малцинска ко-продукција „Вера сонува за морето“ во режија на Калтрина Красниќи (Отворено DCP од македонска, англиска, италијанска, албанска и чиста верзија од филмот, ProRes 444 од македонска и чиста верзија од филмот 1920x1080p, Чиста и англиска верзија од трејлерот на филмот, Англиски превод во.srt од трејлерот на филмот, Албански, италијански и англиски превод од филмот во .srt, Две дигитални верзии од постерот на филмот на англиски јазик, Фолдер со фотографии од снимањето на филмот, Фолдер со still фотографии) и „Малмкрог“ на Кристи Пуиу (Хард диск со ДЦП, со македонски превод); **документарните филмови**: „ Господата од современа “ (на хард диск), „Кокино“ во режија на Владимир Митревски (Хард диск со ДЦП, чиста верзија, H264 1920x1080p фајл филмот, плакат и фотографии), „Глумата како мисија - професија (101 улога)“ во режија на Филип Херин (Македонска, англиска и албанска верзија од ДЦП од филмот, H264 1080p фајл од македонска, албанска и англиска верзија од филмот, Подготовка за DVD македонска, англиска и албанска верзија, H264 4K фајл од чиста, македонска, албанска и англиска верзија од филмот 3840x2160p, преводи во.srt македонски, англиски и албански, фолдер со фотографии од филмот), „Ромео и Јулија“ во режија на Сабедин Селмани (Отворено DCP од англиска верзија од филмот, Отворено DCP од македонска верзија од филмот, H264 3840x2160p фајл од македонска верзија на филмот High Res, H264 3840x2160p фајл од македонска верзија на филмот Low Res, H264 3840x2160p фајл од англиска верзија на филмот High Res, H264 3840x2160p фајл од англиска верзија на филмот Low Res, H264 1080p фајл од македонска и англиска верзија од филмот, фолдер со работни фотографии од снимањето на филмот, Фолдер со стил фотографии од филмот, Фолдер со изворни материјали од снимањето на филмот, Превод од филмот во срт и тоа албанско/македонска верзија и англиска верзија на филмот, Финално аудио во .WAV) и „Сите против сите“ на Андреј Кошак (отворено DCP од чиста, англиска и македонска верзија од филмот, H265 Mp4 фајл 1920x1080p од филмот и трејлер, фотографии од снимањето и од филмот и плакат), како и документарни филмови за Анче Џамбазова и за Блаже Конески (во H264 формат), потоа

**кратките играни филмови** „Езерото“ (хард диск со сите снимени материјали, отворено DCP од чиста верзија од филмот, H264 Mp4 фајл 3840x2160, H265 Mp4 фајл 1920x1080p, превод на англиски и фотографии од филмот), „Проблемот на Тина“ на Радован Петровиќ (хард диск со сите снимени материјали, отворено DCP од чиста верзија од филмот, ProRes 4444 1080p од чиста верзија од филмот, H265 Mp4 фајл 1920x1080p од македонска и англиска верзија, финален аудио микс, превод на англиски, постер и фотографии од филмот), „Змија“ на Андреј Волкашин (отворено DCP од македонска верзија со англиски титли, H265 Mp4 фајл 1920x1080p од англиска верзија, трејлер, преводи, фолдер со почетна и завршна шпица на филмот на англиски јазик H264, две верзии од постерот на филмот во .jpeg, фолдер со фотографии од филмот и од снимањето на филмот, копија од сценариото на филмот, сторибoрд, мудборд и сл.), „Новогодишна елка“ на Мето Јовановски (H265 Full HD фајл од филмот, H264 Full HD трејлер од филмот, фолдер со фотографии од филмот, постер од филмот во .jpeg и синопсис), „Несигурна смрт“ во режија на Петар Цуровски (Отворено DCP од македонска верзија од филмот, ProRes 444 од македонска и англиска верзија од филмот 2048x858p., H264 од англиска верзија од филмот, Англиски превод од филмот во .srt , Трејлер од филмот во h264, Фолдер со работни и стил фотографии), „Сите ќе умреме“ на режисерот Сашо Потер Мицевски (УСБ дискот содржи DCP со англиски титли, X264 1920x1080, Прес кит, фотографии, субтитли на македонски и англиски, МП4 од трејлер (англиска верзија) и плакат, синопсис и биофилмографија на режисерот. Освен тоа беше шредаден и плакат од филмот, 2 печатени копии) и „Обичната Ели“ во режија на Лавинија Софрониевска (Отворено DCP од англиска верзија од филмот, DCDM составено од DPX секвенци 2048x858p, мастер аудио Стрео и 5.1 во .WAV и англиски превод во.srt, ProRes 444фајл 1920x1080p, H264 Mp4 фајл 1920x1080p од англиска и македонска верзија, Сирови материјали од снимањето на филмот, Дијалог листа македонска и англиска во Excel, Фолдер со фотографии од снимањето на филмот).

Преземени се и систематизирани филмови од подрачното одделение за заштита и спасување Гевгелија: 39 ролни на 16 мм. филмска лента. Исто така, како дел од проектот за активна аквизиција на материјали кои се однесуваат за Македонија, беа симнати 148 видео материјали од/за Македонија од интернет и беа конвертирани и зачувани, како и 1 документарен, 2 играни и 3 ТВ филма.

Од Њујорк се прибрани 10-тина кутии разнороден материјал од Милчо Манчевски: видео документација и останата документација. Три кутии се примени со посебен режим на чување. Преземени се филмови, пропаганден и друг придружен материјал од личните фондови на Дарко Попов, Мишо Недков и Марија Цицева.

Во овој извештаен период, продолжи проектот за прибирање на архивски филмски материјали од „Филмске новости“, продуцентска компанија од Белград, Србија, стории кои се снимени и се однесуваат на Македонија во периодот 1948-1951 година. Материјалите ги добивме во ноември, на екстерен хард диск. Вкупно 64 прилози во времетраење од 71 минута (скенирани во 4К резолуција, од кои се изработени DPX фајлови, како и MP4_H264_ Full HD фајлови).

**За сите примени филмови, и лични и институционални фондови, има посебни записници со спецификација што сè е примено (кои формати и на кои носачи).**

**Фототечни материјали**: Во овој период прибрани се програми на Кинотека на Македонија, како и покани, флаери и каталози од кинотечната филмска програма, како и од разни други манифестации („Златна рамка“) и изложби (43 примероци).

Прибрани се плакати од 5 филмови (национална продукција), банери од играниот филм „Година на мајмунот“ и плакати од филмовите „Состојба на шок“ „Театарот Скупи“, „Вера“ и “Стрела“; 323 плакати и 104 каталози и 40 парчиња разни пропагандни материјали донирани од „Македонија филм“, а пробрани се и 27 плакати од други 6 филмови.

Од играниот филм „До балчак“ се прибрани 2.325 фотографии.

Од личниот фонд Борис Ноневски, прибрани се фотографии, плакати и друг пропаганден материјал. Фондот е обемен и се уште се обработува.

**И во фототеката за сите прибрани материјали има посебни записници со спецификација што сè е примено.**

**Книги и библиотечни материјали**: Примени, заведени и обработени според УДК системот: 276 печатени изданија (26 книги, 30 – на Славица Јанишлиева, 220 -- фондот на Борис Ноневски). Редовно се добиваат, заведуваат и архивираат и следните странски списанија: American Cinematographer, Кинотека, Архивски вјесник и други.

Селектирани и издвоени се 406 прес-клипинзи (исечоци) од дневниот и неделниот македонски печат кои се однесуваат директно, но и индиректно на македонската кинематографија, односно играни, документарни, анимирани и кратки играни филмови (Северен пол, Барајќи ја Венера, Отворена врата, Приказ, Господата од современа, Улиште, Налепница, Зад стоговите сено, Малечка, Карантин, Потстанар, ДЈ Ахмет, Дедо и внук, Кајмак, Врба, Другата страна, Автобиографија на човекот гулаб, Хомо, Сестри и др.).

Покрај овие, скенирани се и старите прес-клипинзи од играните филмови: Време без војна (178), Републиката во пламен (90), Црно семе (353), Македонскиот дел од пеколот (194) и Жед (129), и 2481 од филмовите Оловна бригада, Колнати сме Ирина, Хај Фај, Време води, Црвениот коњ, Пресуда, Исправи се Делфина, Јужна патека, Среќна нова 49, Под исто небо,

Дае, Австралија Австралија, Скопје 63 ,како и прес клипинзи општо за македонскиот игран филм, македонскиот анимиран филм и телевизиската серија Итар Пејо.

Исто така, селектирани се и прес-клипинзи и програми и каталози од филмски фестивали и манифестации одржани во кинотеката и во Републиката. Вкирпо се обработени (селектирани и издвоени и селектирани и скенирани) – 1.234 прес-клипинзи.

**Музејски експонати**: Примени се музејски експонати: камера 16мм и магнетофон, од Коле Манев од Скопје; фотоапарат од Борис Антониев од Скопје; проектор 8мм, слајд проектор и апарат за преглед на 8мм филм од Џангул Шабан, од Скопје.

## 2. Заштита, репарација и чување на филмови и филмско-архивска документација

Во 2021 година, беше финализиран проектот за дигитализација и дигитална реставрација на македонскиот игран филм „Фросина".

Беа скенирани 14 ролни С8мм. филмска лента, од приватни колекции за обработка.

И оваа година продолжи отстранувањето и санирањето на физичките оштетувања (пикирање) на филмовите на 35 мм. филмска лента кои се депонирани во Кинотеката или беа прикажувани во филмската програма на Кинотеката. Во овој период беа испикирани, прегледани, премотани, и измерени 47 наслови со вкупна должина од 28.024 метри. Исто така, беа симнати од пакролни на кернови, премотани и пикирани 16мм. филмови од Застава филм, 39 ролни со вкупна должина од 8.839 метар.

Истовремено, како еден вид заштита, филмовите од националната продукција, добиени на разни формати и носачи, и за разни цели, беа преснимувани на ДВД, на хард дискови и во сторицот (компјутерски сервер за чување на филмови во дигитален формат). Исто така, филмови беа преснимувани и за проекции, во Кинотеката или за надворешни соработници и институции, како и за истражувачки и за промотивни потреби. За различни потреби и барања, преснимени се 44 наслови. За продуцентот Зоран Димов беа преснимени 8 ленти со 6 наслови и вкупно 14 часа снимен материјал кој тој го депонираше во кинотеката. Од личниот фонд на Џанѓул Шабан беа преснимени 9 ВХС касети, а беа скенирани и 5 8мм. ролни.

Преснимени се од Бета касети во компјутер, компресирани и изработени се ДВД-а за обработка, од филмските материјали од фондот на Советот за радиодифузија 93 наслови како и 11 наслови документарни и кратки играни филмови од национална продукција.

Минатата година, започна со систематска заштита, преснимување на интервјуата, разговорите во кинотеката, со македонски филмски автори/доајени, снимени на ВХС ленти. По преснимувањето се започна и со симнување на текстот од интервјуата со Илија Милчин (5 касети) и со Глигор Пакоски (3 касети).

## 3. Обработка, каталогизирање, документација и истражување

### А) Обработка

**Филмови и филмски материјали :**

И годинава се продолжи со прегледување на фондот на документацијата преземена од продуцентот „Вардар филм“, при што се прави селекција на материјалите кои се дел од националната филмска продукција, и останува во депоата во кинотеката и се инвентарираат, а остатоците, дублoвите и рестловите се враќаат во депото во Хавзи пашини конаци во с.Бардовци. Во овој период вкупно се прегледани 21 кутија/ролни. Исто така, прегледани се и 71 кутија од фондот „Филмске новости“. Прегледани се и 6 наслови во 20 кутии архивски филмови (од предвоениот период), како и 14 кутии од личниот фонд на Мишо Недков. Сите селекторани кутии/ролни се препакувани во нови кутии и се евидентирани и инвентарирани.

Во 2021 година беше направена примарна кинотечна обработка на 10 кратки играни филмови, 2 играно-документарни и 13 документарни филмови, како и обработка и каталогизација, кус опис на содржините и идентификација на настани, личности, локации, време на снимање и сл. од филмскиот фонд „Бугарско дело“, и тоа 18 кино прегледи, како и 36 прилози од „Филмски новости“.

Од фондот преземен од Советот за Радиодифузија, сега Агенција на аудио и аудиовизуелни услуги, односно на филмовите финансирани од средствата од радиодифузна такса, беа обработени 97 наслови.

Кон крајот на минатата година започна систематското евидентирање и обработка на фондот „Аматерски/непрофесионален филм“, со обработка на филмовите (личниот фонд) на Стефан Сидовски. Беа обработени 10 наслови. Со овој фонд е задолжена колешката Лидија Кировска.

За потребите на кинотечната филмска програма беа прегледани 35 мм копии на филмовите „Иларија“ и „За грст долари“.

**Музејски експонати**

Од 2018 година започна систематската обработка на музејските експонати (преглед, мерење, фотографирање, евидентирање, проверка, споредба и дополнување на податоците во влезната и инвентарната книга). Во 2021 година, на овој начин, обработени се 195 експонати.

Во овој извештаен период во **одделението за пишувана документација**, поради обемноста, продолжи средувањето на личните фондови на Илинденка Петрушева и Весна Масловариќ (службени документи, договори, преписки и други лични документи, како и, каталози и програми од филмски фестивали и слично). Од личниот фонд Илинденка

Петрушева обработени се вкупно 816 архивски единици, а од фондот Весна Масловариќ, 25 архивски единици.

Беше примен личниот фонд Борис Ноневски, од неговото семејство. Се работи на систематизирање и обработка на фондот. Во овој период се средени 10 архивски кутии со 135 архивски единици.

**Б) Каталогизирање**

Беа прегледани и инвентарирани во влезна книга, 8 нови наслови и 92 кутии (разни наслови) од документацијата на „Вардар филм“ и од „Филмске новости“, како и 39 наслови од „Застава филм“. Во фототеката се обработени и каталогизирани 175 плакати, 40 пропагандни материјали, 101 каталог, како и каталози од повеќе филмови, манифестации, фестивали и изложби.

Каталогот на кинотечната интернет страна „Македонски информациски филмски центар“ беше дополнет со нови 207 записи (национална филмска продукција, ТВ продукцијата на Советот за радиодифузија, кратки домашни видеа и аматерски филмови). Беа внесени биографски податоци за 18 а ажурирани и/или дополнети податоци за 183 автори и соработници. Базата постојано со дополнува и проширува со новите наслови, автори и хронологии, како и со фотографии од филмовите или од авторите.

Во овој период продолжи внесувањето нови и корекција на постојните податоци во нашите локални бази на податоци. Во базата на македонската кинематографија беа корегирани 704 записи и внесени 364 нови записи. Во базата пишувана документација беа корегирани 140 записи, а во базата филмолошка библиографија беа корегирани и внесени 375 записи.

**В) Документација**

Создадена е фотодокументација од сите настани, циклуси, премиери, промоции што се одржаа во Кинотеката, меѓу кои и: доделувањето на „Златен објектив“, филмските фестивали „Скопје филм фестивал“ и „Скопје синема сити“ и други проекции, премиери и промоции (подолу, во рамките на филмската програма подетално се опишани).

**Г) Достапност до колекциите**

Во 2021 година колкециите на Кинотеката ги ползуваа неколку научни и образовни институции, како и продуцентски компании за реализација на нови продукции. За реализирање на барањата беа преснимувани филмови и филмски инсерти. Беше одговорено на барањата на продуцентите „Кино око“, „Видео Студио Петковски“, „Деа“, „Скопје филм студио“ и „Синема Футура“, потоа на Здружението за промоција на документаристиката „Македокс“, на Друштвото на филмски работници, на институциите Центар за култура Битола, на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, на Музејот на град Скопје, на

Националната галерија, на Здружението Младински Сојуз-Крушево, како и на планинарскиот клуб „Љуботен“ од Тетово. Исто така, беше организирана и посета и разгледување на кинотеката и филмски проекции за учениците на ПСУ Јахја Кемал.

Преку цела година се работи на издавање на филмска и филмолошка стручна литература на корисници, како за вработените од нашата институција, така и за разни надворешни соработници и други странки: студенти, магистранти, доценти и останати стручни лица од ФДУ, ЕФТА, Филолошки и Филозофски факултет, како и од останатите факултети за општествени науки.

## 4. Прикажување на филмови, изложби и издавачка дејност

Во 2021 година се одвиваше редовна кинотечна програма во нашата кино сала. Покрај редовната кинотечна програма, беа организирани и повеќе тематски циклуси посветени на автори и национални кинематографии, фестивали, како и организирани проекции. Меѓу другите би ги споменале: IN MEMORIAM: Душан Јовановиќ, Мустафа Надаревиќ, Мира Фурлан, Љупчо Тодоровски – Упа и Сабија Ајрула-Тозија, Фестивал Златно тркало, Филозофски филмски фестивал, Скопје филм фестивал, Киненова, Денови на италијански, јапонски, германски, албански, шпански, полски филм, Денови на македонски филм – „Златна рамка“, „Кроација Рекордс“ во Кинотека, Фестивал на класичен и нем филм, Фестивал Цифони-Македонија, Анимакс, ЕТНОФФ, Мобил филм фестивал, Скопје синема сити, Скопско лето-кафе кино, Зимско киноутро, и многу други тематски програми и проекции.

Во мај започна со работа летното кино „Мирно лето“за што ДЦП проекторот беше изнесен во надворешната кинокабина.

Во рамките на филмската програма беа одржани 383 проекции на 403 наслови со 7203 посетители.

Во нашата кино сала и во галеријата, беа организирани и повеќе промоции, прес конференции, презентации, филмската училница и други содржини.

**Изложби и промоции**: Беа организирани изложбите: Црногорски филмски плакат, „Претстава“ на Виктор Соколовски и „Светот на кукларството“, како и промоција на „Прирачник за логомоторика, фина и груба моторика“ од дефектолог-логопед Бојан Богдановски и Викторија Сиљаноска.

**Издавачка дејност**

Испечатена е книгата „Антонио Митрикески: Хроника на еден филмски сон“ од Стојан Синадинов.

Издадено е и дигиталното ДВД „МИРНО ЛЕТО“ во Blue-Ray формат, од реставрираната и дигитализирана копија од првата македонска комедија, како прво Blue-Ray издание во

Македонија, како и двобројот 59-60 од списанието за историја, теорија и култура на филмот и другите уметности „Кинопис“.

Во периодот јануари-април редовно се печатеа месечни каталози (програмки), а понатаму месечните каталози се објавуваа електронски (дигитално), на сајтот на Кинотеката.

## 5. Меѓународни релации и соработка

На почетокот на годината Кинотека поднесе Годишен извештај до ФИАФ за својата работа во 2020 година, обврска што ја има како членка на оваа меѓународна организација, а беа подмирени и финансиските обврски кон ФИАФ (Меѓународната федерација на филмски архиви) и кон АЦЕ (Асоцијација на европски кинотеки) со партиципација на редовната членарина.

Гости на Кинотеката беа италијанскиот и јапонскиот амбасадор, и заменичката словенечки амбасадор, при што се запознаа со работата, просториите и колективот на Кинотеката. Во соработка со јапонската и со италијанската амбасада, беа организирани Неделите на италијански и јапонски филм. Со Амбасадата на Словенија во Македонија беше потпишан Меморандум за соработка како подлога за реализација на повеќе заеднички проекти (циклус Словенечки рок-документарни филмови, одбележување на Денот на Словенечката независност, Македонска ретроспектива во Словенија, итн.). Гости на Кинотеката по повод Неделата на српски филм беа и Југослав Пантелиќ, диркетор на Југословенската кинотека, заедно со уште тројца филмски архивисти и раководители на секторот од таа сродна институција. Во рамки на Деновите на словенечки документарен филм, гости на Кинотеката беа словенечките режисери Андреј Кошак и Игор Зупе, а гостување и презентација на свој документарен филм пред публиката оствари и Ненад Кнежевиќ, новинар и публицист. Гостин на Кинотеката беше и Арсениј Књазков од Довженко центарот во Киев, Украина кој претстави филмови на Александар Довженко.

Во јуни оваа година, на Фестивалот на нитратен (запалив) филм во Белград и на фестивалот „Денови на немиот филм“ во Порденоне, во октомври, претставници на Кинотеката на Северна Македонија беа директорот Владимир Ангелов и раководителот на филмскиот архив, м-р Игор Старделов.

Во јули, филмологот Бојан Станишиќ учествуваше во работилницата организирана од Еуропа Синемас во рамки на Трансилванискиот меѓународен филмски фестивал во Клуж, Романија, а во ноември, вишиот филмолог Дамјана Патчева зеде учество во работилницата под наслов „Лабораторија за развој на публика и иновации“ организирана и финансирана од Еуропа Синемас во рамки на Фестивалот на европски филм во Севилја, Шпанија.

Завршен е проектот СЕЗОНА НА КЛАСИЧНИ ФИЛМОВИ финансиран од програмата Media на Европската Унија преку Асоцијацијата на европски кинотеки (АЦЕ).

## 6. Посебни активности и настани

Во 2021 година, кинотечната награда, Плакетата „Златен објектив" за исклучителен придонес во македонската кинематографија, која се доделува секоја година на 29 април, по повод роденденот на Кинотеката, ја добија доајените на македонската кинематографија, режисерот Коле Манев и монтажерот Спасе Тасевски. По повод светскиот ден на аудиовизуелното наследство, 27 октомври, беше промовирана книгата на Стојан Синадинов, за македонскиот режисер Антонио Митриќески, „Хроника на еден филмски сон".

Кинотеката се вклучи во одбележувањето на 100 години од раѓањто на Блаже Конески со посебна програма на документарни филмови, како и на одбележувањето на Светскиот ден на борба против сидата, а во чест и на двата настана беа насликани мурали на западната фасада на Кинотеката.

Проекцијата на италијанскиот филмски еп ИНФЕРНО од 1911 година, организиран во соработка со Италијанската амбасада во Скопје беше пропратена со пијано концерт во живо на Маријално Маријани, италијански композитор и изведувач.

По повод проекцијата на дигитално реставрираната копија на МИРНО ЛЕТО во рамки на мѓунродниот проект A Season of Classic Films 2020-2021 (во кој Кинотека се вклучи со дигтализираните МИРНО ЛЕТО  и ФРОСИНА), во рамки на настанот беше организиран и концерт со мелодии од периодот кога филмот ја имал својата премиера (1960-ите). Двете проекции од овој проект беа стримувани на интернет во живо (real time), со што публиката во цел свет можеше да ги следи и воведното излагање на д-р Атанас Чупоски, советник филмолог, и концертот.

## 7. Набавки

Набавени се ЛТО ленти, надворешни хард дискови, направен е елаборат за проценка од ризик, набавени се два десктоп и два лаптоп компутери, ДОК станици, слушалки, печатач за архивски картони, извршена е проверка на противпожарните системи во Кинотеката, купен е мрежен сервер за податци (СТОРИЦ СИСТЕМ), за потребите на летното кино се купени бин бегови, изработени се летни сцени, поправени се изложбените паноа, променета е оградата пред објектот, извршена е дезинфекција и дезинсекција на објектот, купени се сијалици за замена во киносалата, осветлен е муралот на западната страна на објектот... Веројатно најзначајна, беше набавката на филм скенерот, пред крајот на годината. Со набавка и на

дополнителните делови на почеток на годинава, би требло да се докомплетира и да се пушти во употреба системот, односно одделот за дигитализација во кинотеката.

28.02.2022 година
Скопје

Директор
Владимир Ангелов

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Verlut
Национална установа Кинотека на
Република Северна Македонија
Institucioni Nacional Kinoteka e
Republikës së Maqedonisë së Verlut
Бр.-Nr. 02-120/6
28.02.2022 год. viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 21 став 1 точка 4 од Статутот на НУ Кинотека на Република Северна Македонија, Управниот одбор на НУ Кинотека на Македонија, на својата 28-ма седница, одржана на 28.02.2022 година, донесе

О Д Л У К А

1. Се усвојува Извештајот за работата на НУ Кинотека на Република Северна Македонија, за 2021 година.

2. Одлуката стапува во сила со донесувањето.

Претседател на Управен одбор,

Томислав Османли